ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 04-6212
**Дата:** 16.01.2020

Врз основа на член 69 став (3) од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија (бр. 01-403/1 од 15.04.2015, бр.01-290/1 од 19.04.2017 година и бр.01-837/1 од 12.11.2018 година) и член 3 од Правилникот за систематизација на работните места во Државниот завод за ревизија (бр. 01 – 493/2 од 22.06.2015 година, бр. 07 – 530/3 од 21.05.2018 година, бр. 07 – 530/3 од 21.05.2018 година, бр. 01 – 84/1 од 28.01.2019 година и 01-35/1 од 10.01.2020 година) и Известување бр.18-609/2 од 14.01.2020 година, за обезбедени средства во буџетот на Државниот завод за ревизија за 2020 година, на ден 16.01.2020 година се објавува:

# ИНТЕРЕН ОГЛАС
## за унапредување на четири (4) извршители на работно место самостоен ревизор

**Општи услови кои треба да ги исполнува кандидатот за секое од работните места за унапредување се определени во член 69 став (4) од Колективниот договор односно:**

- Оценет со оценка „А“ или „Б“ при последното оценување;
- Најмалку две години на тековното работно место;
- Да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на иста категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- Нема изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**Посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за унапредување определени со Правилникот за систематизација на работните места во Државниот завод за ревизија:**

1) **РЕВ0101В01 Самостоен ревизор** за ревизија на Народна банка и носители на законодавната и извршната власт, судството, Јавното обвинителство и Државното правобранителство, Народниот правобранител и Агенцијата за администрација и други органи на државна управа во **Одделение** за ревизија на народна банка и носители на законодавна и извршна власт, судството, јавното обвинителство и државното правобранителство, народниот правобранител и агенцијата за администрација и други органи

на државна управа во **Сектор** 1 за ревизија на субјекти од законодавната, извршната власт, органите на државната управа, ЈП кои вршат јавни работи, одбраната, јавната безбедност, судството, јавното обвинителство и државното правобранителство

**Посебни услови:**

- стручни квалификации, и тоа: VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, економски или правни науки, јавна управа и администрација;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- работно искуство, и тоа најмалку три години работно искуство во ревизија во јавен сектор, односно најмалку три години работно искуство во ревизија во приватен сектор;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);

**Потребни општи работни компетенции на средно ниво:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- финансиско управување.

2) **РЕВ0101В01 Самостоен ревизор** за ревизија на субјектите од областа на образованието и науката, културата и финансирање на дејностите, ЈП и агенција од областа на спортот, ЈП од областа на урбанизмот и градежништвото во **Одделение** за ревизија на субјектите од областа образованието и науката, културата и финансирање на дејностите, јавно претпријатие и агенција од областа на спортот, јавно претпријатие од областа на урбанизмот и градежништвото во **Сектор 2** за ревизија на субјектите од областа на економијата, сообраќајот и комуникациите и јавните претпријатија и трговски друштва од областа, образованието и науката, културата и финансирање на дејностите, јавно претпријатие и агенција од областа на спортот, јавно претпријатие од областа на урбанизмот и градежништвото и локалната самоуправа

**Посебни услови:**

- стручни квалификации, и тоа: VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, економски или правни науки, градежништво и водостопанство;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- работно искуство, и тоа најмалку три години работно искуство во ревизија во јавен сектор, односно најмалку три години работно искуство во ревизија во приватен сектор;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);

**Потребни општи работни компетенции на средно ниво:**
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
  финансиско управување.

3) **РЕВ0101В01 Самостоен ревизор** за ревизија на субјектите од областа на економијата, сообраќајот и комуникациите и јавните претпријатија, трговски друштво од областа, локалната самоуправа, Градот Скопје, општините и јавни претпријатија на локално ниво во **Одделение** за ревизија на субјектите од областа на економијата, сообраќајот и комуникациите и јавните претпријатија, трговски друштво од областа, локалната самоуправа, Градот Скопје, општините и јавни претпријатија на локално ниво **во Сектор 2** за ревизија на субјектите од областа на економијата, сообраќајот и комуникациите и јавните претпријатија и трговски друштва од областа, образованието и науката, културата и финансирање на дејностите, јавно претпријатие и агенција од областа на спортот, јавно претпријатие од областа на урбанизмот и градежништвото и локалната самоуправа

**Посебни услови:**

- стручни квалификации, и тоа: VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, економски или правни науки, јавна управа и администрација;

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- работно искуство, и тоа најмалку три години работно искуство во ревизија во јавен сектор, односно најмалку три години работно искуство во ревизија во приватен сектор;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);

**Потребни општи работни компетенции на средно ниво:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- финансиско управување.

4) **РЕВ0101В01 Самостоен ревизор** за ревизија на здравството (буџетски корисници и единки корисници, органи на државната управа, јавни здравствени установи и други организации кои вршат здравствена дејност), животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството во **Одделение** за ревизија на здравството (буџетски корисници и единки корисници, органи на државната управа, јавни здравствени установи и други организации кои вршат здравствена дејност), животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството во **Сектор 3** за ревизија на субјектите од областа на трудот и социјалната политика, работните односи, пензиско и инвалидско осигурување, здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството, правда и казнено поправни установи и ЈП од областа.

**Посебни услови:**

- стручни квалификации, и тоа: VI A според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, економски или правни науки, јавна управа и администрација;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- работно искуство, и тоа најмалку три години работно искуство во ревизија во јавен сектор, односно најмалку три години работно искуство во ревизија во приватен сектор;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);

**Потребни општи работни компетенции на средно ниво:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- финансиско управување.

**Начин и време на поднесување на пријава за унапредување и спроведување на постапката на селекција и избор за унапредување**

Согласно член 69 став 3 од Колективниот договор на ниво на Државен завод за ревизија, по објавениот оглас следува спроведување на постапката на селекција за унапредување која што ја спроведува Комисија за селекција за унапредување формирана од страна на главниот државен ревизор.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Заинтересираните кандидати можат да поднесат пријава за едно или за повеќе работни места од интерниот оглас.

Заинтересираните кандидати е потребно најдоцна до среда, 22.01.2020 година, до 14 часот, да поднесат ПИСМЕНА ПРИЈАВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ која можат да ја преземат електронски од веб страната на Државниот завод за ревизија и истата пополнета да ја достават преку архивата на Државниот завод за ревизија, или по пошта на адреса Ул. „Јордан Мијалков“ Палата „Емануел Чучков“ 1000 Скопје, Република Македонија до: Државен завод за ревизија- Одделение за човечки ресурси.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Пријавите доставени преку пошта, треба да бидат примени во архивата на Државниот завод за ревизија најдоцна до истекот на денот на завршување на рокот за пријавување на интерниот оглас. Ненавремените и некомплетно пополнети пријави нема да се разгледуваат.

Кандидатите во прилог на пријавата за унапредување не се должни да доставуваат докази дека ги исполнуваат посебните услови за работното место на кое се пријавуваат за унапредување а се наоѓаат во нивните персонални досиеја, како што се доказите за стручни квалификации, работно искуство (стаж) во Државниот завод за ревизија, познавање на компјутерски програми за канцелариско работење односно познавање на странски јазици, а во спротивно, или доколку располагаат со поажурни докази, должни се истите да ги поднесат заедно со пријавата.

Одделението за човечки ресурси до Комисијата за селекција за унапредување ќе достави податоци со кои располага во постапката на оценување на исполнетоста на условите од страна на кандидатите.

Во случај да се утврди дека за некој кандидат нема соодветна евиденција или доказ, Одделението за човечки ресурси директно ќе го извести кандидатот и во разумен рок ќе побара обезбедување на доказите.

Со кандидатите за кои ќе се утврди дека ги исполнуваат условите утврдени во овој интерен оглас, Комисијата за селекција назначена од заменикот на главниот државен ревизор ќе спроведе интервју во време и место за кое уредно ќе ги извести кандидатите.

По спроведеното интервју, а согласно член 72 од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија, Комисијата за селекција до работодавачот ќе достави предлог за избор на кандидати по однос на работните места за кои е спроведена постапката на унапредување кои се наведени во овој интерен оглас.

По доставувањето на предлогот за избор, работодавачот ќе донесе одлука за избор на кандидати во рок од три дена од денот на приемот на предлогот за избор, која што ќе се достави до кандидатите за унапредување и ќе се објави на огласна табла во Државниот завод за ревизија.

**м-р Александар Поповски**

**Овластен службеник за**
**управување со човечки ресурси**